ЕСМ ПРОДАЖБА

Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ
Бр. 03-1392/1
21-08-2023 20 ___ год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 23 од Законот за јавни набавки (Сл.Весник 24/19) ЕСМ Продажба ДООЕЛ Скопје, објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК Бр.04-2023**
**за прибирање на понуди за набавка на природен гас**

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1.1 Договорен орган по јавен повик бр.04-2023 е ЕСМ Продажба ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.11-ти Октомври бр.9, Скопје.

1.2 Предмет на набавката е: природен гас во вкупна количина од **540 MWh за период 01.09.2023 – 30.09.2023,** на точка на испорака главна мерна станица (ГМС) Жидилово.

1.3 Огласот е јавен со право на учество на сите домашни и странски правни лица регистрирани за ваква дејност.

1.4 **Рокот за доставување на понуди по јавниот повик бр.04-2023 е на 25.08.2023 година, во период од 10:00 до 10:30 часот на е-маил адреса ponudi@esm-prodazba.mk .**

## 2. СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА

2.1 Понудата треба да содржи:

2.1.1 Технички карактеристики:

Природниот гас задолжително да биде со следниов квалитет:

**Хемиски состав, mol %**

| | |
|---|---|
| Метан (C1) | минимум 75 |
| Азот (N2) | максимум 6 |
| Јаглерод диоксид ($CO_2$) | максимум 3 |

**Бруто (горна)калориска вредност**

Максимална 13,67 kWh/m3
Минимум 10,17 kWh/m3

**Вобе индекс**

Максимална 16,33 kWh/m3
Минимум 13,07 kWh/m3

**Точка на росење на водата**

Не повисока од минус 8 степени Целзиусови при притисок од 39,2barg

**Температура на природен гас**

од +0° C до +50° C

Горенаведените референтни услови за температура, притисок и влажност што треба да се користат за мерење и пресметки на природен гас се 273,15 K (=0 °C) и 101,325 kPa (=1,01325 бари(апсолутен)) за вистински сув гас.

2.1.2 Земја на потекло на природниот гас

2.1.3 Количина која се нуди

2.1.4 Единечна фиксна цена во ЕУР и мерна единица MWh (EUR / MWh).

2.1.5 Услови на плаќање.

2.1.6 Начин на обезбедување доколку се бара авансно плаќање (банкарска гаранција или корпоративна гаранција).

2.1.7 Назив, адреса и седиште на понудувачот.

2.1.8 Понудувачите ќе ги сносат сите трошоци поврзани со подготовката и доставувањето на нивната понуда, и Договорниот орган во ниеден случај нема да биде одговорен или должен за овие трошоци.

**3. НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ**

Понудите се доставуваат на следниов начин:

- Скенирани оригинали заверени, со печат, потпис од одговорното лице на компанијата на следната е-маил адреса: **ponudi@esm-prodazba.mk**
- Електронски потпишани понуда и документи од овластено лице на компанијата на следната е-маил адреса: **ponudi@esm-prodazba.mk**

**ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ**